РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

11.12.2013

Орг. Един.	Бр.	Прилог	Вредност
Уп.-Бр. 1605	406	4	

NOVA KABEL

Моби сервис ДООЕЛ Прилеп
ул. Илинденска бр. 47
7500 Прилеп, Македонија
ЕДБ : 4021009509258
тел: 078 862 751
078 308 130

ДОГОВОР
За засновање претплатнички однос за обезбедување пристап кон јавната комуникациска мрежа и користење на јавни комуникациски услуги

Архивски број:

Склучен на ден_____ година, помеѓу:

1. Друштво за услуги,трговија и производство МОБИ СЕРВИС Увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп, ул. Илинденска бр.47 Прилеп претставувано од овластено лице , управител , во понатамошниот текст именуван како МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП и
2. **ФИЗИЧКО ЛИЦЕ:**
_____ од_____ул._____број_____ЕМБГ_____ бр. на Л.к /Пасош_____ број на тел._____ e-mail _____во понатамошниот текст именуван како Претплатник.
3. **ПРАВНО ЛИЦЕ:**
_____од_____ул._____број_____;ЕДБ МК_____, бр. на жиро-сметка _____, деловна банка _____, број на тел._____, e-mail _____ во понатамошниот текст именувани како Претплатник.

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој Договор е уредување на правата, обврските и одговорностите на МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП, како оператор на јавна комуникациска мрежа и давател на јавни комуникациски услуги од една страна и Претплатникот како краен корисник на јавна комуникациска услуга од друга страна.

ЦЕЛ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Целта на овој Договор е засновање претплатнички однос за обезбедување пристап кон јавната комуникациска мрежа и користење на јавните комуникациски услуги, под услови утврдени со овој Договор, Законот за електронски комуникации (во понатамошниот текст како ЗЕК), Правилникот за видот и содржината на податоците кои операторите на јавни комуникациски мрежи и/или давателите на јавни комуникациски услуги се должни да ги објават во врска со Општите услови за пристап и користење, цените, тарифите и параметрите за квалитетот на јавните комуникациски услуги (во понатамошниот текст: Правилникот) и други закони и прописи донесени врз основа на нив, како и со Општите услови за засновање претплатнички однос и користење на услугите на МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП (во понатамошниот текст: Општи услови),

ОСНОВНИ И ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛУГИ

Член 3

Со склучување на овој Договор,моби сервис ПРИЛЕП му дава пристап на Претплатникот кон основните услуги на јавната комуникациска мрежа, како и право за користење на дополнителни услуги.

Претплатникот се обврзува да уплати еднократен неповратен надоместок за почетно приклучување на мрежата согласно важечкиот Ценовник за комуникациски услуги на МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП.

Со склучувањето на овој Договор, Претплатникот добива право на користење на услугите што ги обезбедува МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП согласно тарифниот модел/пакет што го одбрал, а кој тарифен модел/пакет со сите негови карактеристики е опишан во Анексот кон овој Договор. Цената на месечната претплата за одбраниот тарифен модел/пакет е дадена во Анексот кон овој Договор.

Претплатникот за времетраење на Договорот може најмногу еднаш месечно да бара промена на тарифниот модел/пакет кој што го одбрал, за што ќе плати надоместок согласно важечкиот Ценовник на МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП во моментот на вршењето на промената. Промената на тарифниот модел/пакет,како и активирањето и деактивирањето на дополнителните услуги, Претплатникот ќе ги врши со потпишување соодветен формулар - Барање и Анекс кон овој Договор, со повикување на соодветен телефонски број, наменет за таа цел или по електронски пат преку веб страната на МОБИ СЕРОИС ПРИЛЕП.

Претплатникот може да се откаже од одредени дополнителни услуги, кои се бесплатни и се содржани во тарифниот модел/пакет што го одбрал, за што ќе достави писмено барање до МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП на формулар пропишан од МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП.

По поднесувањето на барањето за активирање или деактивирање на дополнителната услуга, МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП ќе постапи во рок од 3 работни дена.

Надоместокот за користењето на дополнителната услуга може да биде пресметан и наплатен во месечната претплата согласно важечкиот Ценовник на МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП во моментот на активирањето на дополнителната услуга.

НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 4

Плаќањето на основните и дополнителните услуги се врши месечно, по доставена сметка (фактура), во рокот наведен на истата. Висината на месечниот надоместок е одреден во важечкиот Ценовник на МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП во моментот на склучувањето на овој Договор и во Анексите кон овој Договор.

Фактурирањето на месечната претплата за одбраниот тарифен модел/пакет, како и фактурирањето на дополнителните услуги се врши однапред, за секој месец.

Доколку Претплатникот не ја плати сметката (фактурата) во рокот за плаќање определен во истата, МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП може да го ограничи пристапот до неговите услуги, како и да го исклучи Претплатникот и да го раскине Претплатничкиот договор на начин и во постапка утврдена во овој Договор.

Претплатникот е должен редовно да го плаќа месечниот надоместок за набраната услуга согласно доставената сметка (фактура).

Недобивањето сметка (фактура), не го ослободува Претплатникот од обврската да ги плати долгуваните износи на време. Во случај на недобивање месечна сметка, Претплатникот е должен да побара сметка во најблискиот продажен салон на МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП и да изврши нејзина уплата.

Доколку Претплатникот одбере дополнителна услуга надвор од услугите во пакетот, должен е да ја доплати разликата во цената согласно важечкиот Ценовник на МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП, за што ќе му биде доставена сметка (фактура). Претплатникот не може да користи дополнителни услуги од МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП без да го има подмирено доспеаниот месечен надоместок.

Во случај на ненавремено плаќање, МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП има право да пресметува законска затезна камата од денот кога Претплатникот започнал со задоцнување на плаќањето.

МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП го задржува правото да може да бара од Претплатникот депонирање на одреден износ на средства како аванс или гаранција, а особено по исклучување на Претплатникот поради доцнење или неможност за плаќање, при склучување на претплатнички договор со Претплатници кои не е државјани на РМ или нема соодветен доказ за платежна способност.

Плаќањето на сметката ќе се смета дека е извршено на денот на извршената уплата.

ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

ОБВРСКИ НА МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП

Член 5

МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП се обврзува да изврши приклучување на Претплатникот кон јавната комуникациска мрежа, со што на Претплатникот ќе му овозможи непречен пристап за користење на јавни комуникациски услуги согласно овој Договор, во рок од 7 дена по потпишувањето на Претплатничкиот договор.

МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП се обврзува да обезбеди квалитет на комуникациските услуги определен со ЗЕК, Правилникот и позитивните законски прописи.

МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП се обврзува писмено да го извести Претплатникот во случај на повреда на одредбите од Претплатничкиот договор и да му определи разумен рок за исполнување на договорените обврски, освен во случаите одредени во став 4 на член 104 од ЗЕК, за што дополнително писмено ќе го извести Претплатникот.

МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП се обврзува да води евиденција за своите претплатници, нивните адреси

NOVA KABEL

МОБИ СЕРВИС ДООЕЛ ПРИЛЕП

ул. Илинденска бр. 47

7500 Прилеп, Македонија

ЕДБ: 4021009501359

тел: 070 862 751
070 390 130

МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП се обврзува да го ослободи Претплатникот од плаќање на дел од месечната претплата и надоместоците за користење на дополнителни услуги во случај на привремен прекин на пристапот и/или обезбедувањето на јавните комуникациски услуги којшто не настанал по вина на Претплатникот, за износ пропорционален на времетраењето на прекинот, доколку прекинот трае подолго од 48 часа. Во овој случај, МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП нема да сноси одговорност за било каква индиректна штета евентуално причинета на Претплатникот, поврзано со изгубена добивка, пропуштени можности во тргувањето, изгубен углед и сл., освен во случај на правосилна судска одлука.

МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП се обврзува да не го ограничи пристапот до неговите услуги и/или да го исклучи Претплатникот и да не го раскине Претплатничкиот договор, доколку Претплатникот поднесе приговор во врска со износот на сметката, сѐ до донесувањето на конечна одлука,

МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП се обврзува да обезбеди согласност од Претплатникот за добивање на информации со кои се врши директен маркетинг.

МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП се обврзува да спроведе постапка по приговор на Претплатникот, согласно Правилникот и Општите услови.

МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП се обврзува да обезбеди одржување на мрежата и опремата на начин кој овозможува непрекинато обезбедување на услугите.

МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП се обврзува во рамките на техничките можности да отстрани било какви пречки на мрежата и опремата во најкраток можен рок.

МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП се обврзува да испрати известување до Агенцијата и/или корисниците за намерата да го прекине обезбедувањето на услугите заради изведување на планирани технички и работни зафати на мрежата и опремата на начин утврден во Правилникот и Општите услови.

МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП се обврзува привремено да го ограничи или прекине пристапот до јавните комуникациски услуги во случаите утврдени во Правилникот и Општите услови.

МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП се обврзува во рамките на техничките можности, да обезбеди неповредливост и заштита на тајноста на пораките што се пренесуваат преку мрежата, како и да гарантира сигурност, тајност и неповредливост на личните податоци и заштита од повреда на личниот интегритет, што произлегува од регистрирањето информации на претплатниците преку обработка на податоци, освен во случаите предвидени во Законската регулатива на РМ.

МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП на своите претплатници им гарантира минимална брзина за пренос на податоци во двете насоки: од 256 Kbps downstream и 256 Kbps upstream.

МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП се обврзува дека нема да ги злоупотреби на било кој начин сите податоци за Претплатникот кои се однесуваат на неговите деловни активности, деловно управување, финансиска состојба и правен статус или други информации што се квалификуваат како доверливи.

Доколку Претплатникот ја промени адресата, тогаш МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП се обврзува повторно да му ги овозможи услугите на Претплатникот во согласност со актуелниот Ценовник на МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП, ако постои техничка можност на новата локација.

МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП се обврзува да ги утврди цените за пристап и користење на јавните комуникациски услуги во Ценовникот, како и при секоја промена на истите, да го извести Претплатникот.

МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП има обврска кон Претплатникот, на негово барање, да му ги обезбеди услугите за кои што е нотифициран, согласно можностите и развојниот план на МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП.

МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП има обврска да им даде целосна информација на своите претплатници за бројот 188 на контакт центарот на Агенцијата за електронски комуникации, каде што претплатниците може да ги остварат своите права

ПРАВА НА МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП

Член 6

МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП има право да наплатува надомест за почетно приклучување, месечен надомест за претплатничка линија (претплата), како и сите други надоместоци утврдени во неговиот Ценовник.

МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП има право поради ненавремено плаќање на сметките, да изврши исклучување на претплатничката линија на Претплатникот.

МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП има право за повторно вклучување на исклучена претплатничка линија поради ненавремено плаќање или неплаќање на сметката, да го задолжи Претплатникот покрај заостанатиот долг, да плати надоместок за повторно приклучување на претплатничката линија во согласност со неговиот Ценовник.

МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП има право да стави забрана на користење на дополнителни услуги и на услуги со додадена вредност кои МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП ги обезбедува или до кои обезбедува пристап, а за кои Претплатникот при користењето на тие услуги направил долг кој не го платил во рокот определен во месечната сметка.

МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП има право да ги промени техничките карактеристики на мрежата и услугата, со цел да се обезбеди подобар квалитет и можност за користење на нови услуги.

МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП има право да ги чува, обработува и разменува податоците на Претплатникот, заради исполнување на целите на Претплатничкиот договор во согласност со ЗЕК и прописите донесени врз основа на него.

МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП има право да побара согласност од Претплатникот за добивање рекламни пораки поврзани со работењето на МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП.

МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП има право да побара од Претплатникот согласност за доставување на сметка по електронски пат.

МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП има право да врши преглед и контрола на исправноста на терминалната опрема и на инсталациите на Претплатникот.

МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП има право да ги менува условите утврдени со овој Договор по претходно известување на Претплатникот, во рок не пократок од 30 дена пред воведувањето на измените, со писмено известување до Претплатникот, електронска пошта, преку инфо каналот. Се смета дека Претплатникот се согласил со промената на условите на овој Договор доколку во периодот на известувањето, писмено не го известил МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП дека го раскинува Договорот.

МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП има право да ги менува видот и бројот на ТВ каналите согласно условите на пазарот, а 29 канали е минимален број на ТВ канали кои ќе се реемитуваат.

Доколку претплатникот не ја плати сметката во рокот за плаќање определен со истата, операторот има право на услуга по претходно писмено известување до претплатникот, може:

- да го ограничи пристапот до неговите услуги, при што не смее да му го ограничи пристапот и користењето на броевите на службите за итни повици и/или - да го исклучи претплатникот и да го раскине претплатничкиот договор на начин и постапка утврдени со претплатничкиот договор.

МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП има право да му го оневозможи користењето на услугите на Претплатникот без предупредување, во случаи кога Претплатникот предизвикува моментална и сериозна закана по јавниот ред, јавната безбедност, здравјето на луѓето и животната средина или кога предизвикува голема материјална или оперативна штета на МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП.

МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП има право да ангажира Агенција за наплата овластена за добарување на доспеаните, а неплатени средства од страна на Претплатникот.

МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП има право без согласност од претплатниците привремено да го ограничи или прекине пристапот кон јавните комуникациски услуги во следните случаи:

- доколку тоа е потребно заради реконструкција, модернизација, одржување или во случај на технички пречки или недостатоци на мрежата, до завршување на работите или отстранување на пречките;
- ако се утврдат технички пречки или недостатоци на претплатничката терминална опрема или инсталации, до отстранување на овие пречки, односно недостатоци;
- доколку Претплатникот не ја плати сметката за користење на услугите во рокот за плаќање определен во сметката, до целосно плаќање на истата, освен во случај на поднесен приговор за износот на сметката, до конечност на одлуката;
- доколку Претплатникот ја користи претплатничката линија и соодветните комуникациски услуги за давање на комуникациски услуги на други лица со надомест;
- ако Претплатникот не дозволи преглед на исправноста на неговата терминална опрема или инсталации до извршување на прегледот;
- ако Претплатникот приклучи терминална опрема којашто не е во согласност со важечките прописи;
- доколку јавната комуникациска услуга се користи или е наменета да се користи за цел спротивна на Законот за електронските комуникации, прописите донесени врз основа на него или друг закон или пропис, констатирана од страна на надлежен орган;
- доколку јавната комуникациска услуга се користи или е наменета да се користи за цел спротивна на условите од Претплатничкиот договор.

Во случаите на привременото прекинување на услугата доколку се врши реконструкција, модернизација, одржување или во случај на технички пречки или недостатоци на мрежата и технички пречки или недостатоци на претплатничката терминална опрема или инсталации, кое прекинување трае подолго од 30 минути, МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП ги известува корисниците преку својот инфо канал и Агенцијата за електронски комуникации најмалку 48 часа пред планираното ограничување или прекин на пристапот, како и не подолго од 48 часа по прекинот на ограничувањата или прекините предизвикани од технички пречки или недостатоци на мрежата.

МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП има право да ги собира и обработува личните податоци на Претплатникот за цели на директен маркетинг, единствено врз основа на претходна дадена писмена согласност од Претплатникот.

МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП има право да ги доставува податоците со кои располага за Претплатникот и остварениот сообраќај преку неговата претплатничка линија на надлежен државен орган, врз основа на доставеното барање во постапка предвидена со Закон.

NOVA KABEL

МОБИ СЕРВИС ДООЕЛ ПРИЛЕП
ул. Илинденска бр. 47
7500 Прилеп, Македонија
ЕДБ: 4021000389398
тел: 070 882 751
071 368 130

МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП има право да наплати казнени пенали во случај на предвремено раскинување на Претплатничкиот договор, утврдени со овој Договор и Анексите склучени кон него.

ОБВРСКИ НА ПРЕТПЛАТНИКОТ

Член 7

Претплатникот се обврзува навремено да ги плаќа фактурираните износи за користени јавни услуги, во рокот наведен во сметката.

Пхетплатникот се обврзува да ги користи услугите за сопствени потреби и согласно живата намена, да не возмемирува други корисници, да не дава услуги на други лица со или без надомест и да не ги користи за цели спротивни на ЗЕК и друг закон или пропис, како и на условите содржани во Претплатничкиот договор.

Претплатникот се обврзува во рок од 15 дена писмено да го извести МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП за секоја промена на податоците од Претплатничкиот договор, а кои се неопходни за непречено доставување на известувањата или сметките.

Претплатникот се обврзува да овозможи пристал до мрежната приклучна точка на опремата, на овластени лица од МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП.

Претплатникот се обврзува да користи само опрема во согласност со условите утврдени во прописите со кои се уредува радио и телекомуникациска апрема.

Претплатникот се обврзува да го почитува секов упатство или соопштение дадене од страна на МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП.

Претплатникот се обврзува да не превзема било какви активности кои би го нарушиле интегритетот на мрежата или би и нанеле штета.

Претплатникот се обврзува да ги сноси трошоците за отстранување на дефекти на уредите, инсталацијата и мрежата, предизвикани по негова вина.

Претплатникот се обврзува да не ги открива неговите лични кодирани податоци на трети лица. За штетите настанати поради откривање на личните кодирани податоци по негова вина, лично е одговорен.

Претплатникот се обврзува во случај на недобивање месечна сметка за користени услуги да се информира во специјалитираните служби за односи со корисници и да побара изготвување на истата.

Претплатникот се обврзува дена нема да врши самостојно отстранување на евентуалните дефекти на јавната комуникациска мрежа и дена нема да врши било какви дејствија вез опремата на јавната комуникациска мрежа дури и ако биде исклучен од неа, како и да известува за евентуално оштетување на мрежата. Доколку постапи спротивно, должен е да ја надомести штетата.

Претплатникот е должен навремено да го извести МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП за евентуални пречини на услугите, со цел истите да бидат отстранети.

Претплатникот е должен да се придржува до инструкциите и упатствата дадени од страна на МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП за правилно користење на услугите.

Претплатникот се обврзува дена ко целост ке ја превземе одговорноста во случај на нелегално користење на мрежата и на нелегалните активности при преносот на податоци преку истата.

ПРАВА НА ПРЕТПЛАТНИКОТ

Член 8

Претплатникот има право непречено, ефикасно и редовно да ги добива на користење сите јавни комуникациски услуги што можат да бидат користени на неговата терминална опрема што се соодветни на технолошкиот развој на капацитетите на МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП, а што се предмет на овој Договор.

Претплатникот има право да бара привремен прекин на обезбедување на комуникациските услуги (мирување) на начин утврден од МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП, и тов за период од 30 дена до 3 месеци, еднаш годишно, а за што плаќа надомест утврден во Ценовникот на МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП.

Претплатникот има право на достапност до службата за грижа на корисници за било каков проблем или информација во врска со користењето на услугите.

Претплатникот има право да бара и да добие транспарентна, споредлива, целосна и ажурирана информација која се однесува на услугите што ги овозможува МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП, како и за цените и тарифите за користење на истите.

Претплатникот има право по претходно доставено барање до МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП, а согласно Ценовникот на МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП, да избере кои лични податоци нема да бидат достапни за јавноста.

Претплатникот има право да поднесе приговор против одлуките или активностите на МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП во врска со пристапот до или обезбедувањето на услугите.

Претплатникот има право да го пренесе правото на користење на услуга на друго лице доколку ги има подмирено сите долгови кон МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП.

Преносот може да се изврши само доколку лицето кое го превзема правото на користење на услуга има живеалиште, престој или седиште на територија каде МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП има мрежна поврисност.

Претплатникот кој го пренесува правото на користење на услуга треба да ги има подмирено сите долгови кон МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП и да поднесе формулар - Барање за пренесување на правото на користење на услуга, препишано од МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП.

Лицето кое го превзема правото на користење на услуга од претплатник на МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП треба да склучи Анекс на Претплатничкиот договор.

Преносот на правото на користење на комуникациската услуга подлежи на надоместок кој е утврден во Ценовникот. Уплата на надоместокот може да ја изврши Претплатникот или примачот на правото на користење.

Барањето за пренос на правото на користење на комуникациска услуга може да биде одбиено доколку нема технична можност за извршување на истото. Претплатникот има право да го раскине Договорот по претходно добиеното известување за промена на условите, доколку не се согласува со предложените измени.

Претплатникот има право во период од 3 месеци пред истекот на Договорот, без плаќање надоместда го промени тарифниот модел/пакет.

Претплатникот може во секое време, бесплатно, во било кое од продажните места на МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП да ја повлече дадената согласност за обработка на неговите лични податоци за цели на директен маркетинг, со пополнување на едноставно барање.

ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 9

Времетраењето на овој Договор е дефинирано во Анексот кон договорот, согласно избраните услуги или пакети.

РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 10

Претплатникот може да го раскине Претплатничкиот договор со МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП лично, со поднесување на пропишан формулар од страна на МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП – Барање за раскинување на претплатнички договор и во рок определен во Претплатничкиот договор, кој рок не е подолг од 30 дена, при што треба да ги подмири сите доспеани обврски кон МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП.

Претплатникот и по раскинувањето на Претплатничкиот договор не биде одговорен за плаќање на сите трошоци кои биле направени од негова страна, а кои евентуално се фактурирани во задоцнување или се фактурирани, а не се платени од страна на Претплатникот.

При раскинување на Претплатничкиот договор, Претплатникот треба да ги врати комуникациските средства во сопственост на МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП во исправна состојба, која ја утврдува МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП при превземањето на средствата.

При раскинувањето на Договорот, Претплатникот треба да ги подмири сите долгови кон МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП.

МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП може да го раскине Претплатничкиот договор во рок определен во Претплатничкиот договор, особено:

- поради неисполнување на обврските на Претплатникот предвидени со Претплатничкиот договор;
- доколку јавната комуникациска услуга се користи или е наменета да се користи за цел спротивно на условите од Претплатничкиот договор;
- доколку Претплатникот ја користи претплатничката линија и соодветните комуникациски услуги за давање на комуникациски услуги на трети корисници со или без определен надомест, без претходно склучен соодветен договор со операторот и/или давателот на услуги;
- во случај на смрт на Претплатникот, доколку правото за користење на услугата не е пренесено на друго лице во рок од 6 месеци;
- кога со судска одлука Претплатникот се брише од соодветниот регистар;

NOVA KABEL

МОБИ СЕРВИС ДООЕЛ ПРИЛЕП
ул. Илинденска бр.47
7500 Прилеп, Македонија
ЕДБ: 4021800509358
тел: 078 867 751
078 308 138

- во случај на стечај, ликвидација, или неликвидност на Претплатникот, доколку правото за користење на услугата не е пренесено на друго лице во рок определен од страна на МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП;
- во случај на користење и злоупотреба на услугите од страна на Претплатникот за цел спротивна на ЗЕК, прописите донесени врз основа на него и други закони и прописи констатирани од страна на надлежен орган;
- доколку МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП не е во состојба да ги обезбедува услугите поради дејство на виша сила подолго од 6 месеци.

Ва случај на раскинување на Претплатничкиот договор од страна на МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП, сите финансиски обврски на Претплатникот кон МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП стасуваат веднаш.

Во случај на раскинување на Претплатничкиот договор поради задоцнето плаќање, Претплатникот не може да склучи нов Претплатнички договор пред целосно да ги подмири своите финансиски обврски кон МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП. Доколку овој Договор се раскине пред истекот на времето утврдено во Анексот кан Договорот, сметајќи ад денот на склучувањето, Претплатникот е должен да го плати казненот пенал за предвремено раскинување на овој договор, согласно официјалниот Ценовник на МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП и Анексите кон Договорот и веднаш да ја врати инсталираната терминална/комуникациска опрема во сопственост на МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП , во исправна состојба.

Доколку претплатникот не ја плати сметката во рокот за плаќање определен со истата, оператор и/или давателот на услуги, по претходно писмено известување до претплатникот, може:
- да го ограничи пристапот до неговите услуги, при што не смее да му го ограничи пристапот и користењето на бројките на службите за итни повици и/или
- да го исклучи претплатникот и да го раскине претплатничкиот договор на начин и постапка утврдени со претплатничкиот договор.

ЖАЛБИ И ПРИГОВОРИ НА ПРЕТПЛАТНИКОТ

Член 11

Претплатникот има право на приговор против одлуките или активностите на МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП во врска со пристапот до услугите или обезбедување на истите.

Приговорот се доставува во писмена форма до службата за грижа за корисници на МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП.

Приговорот се доставува во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката, односно од започнување на активностите кон се предмет на приговорот.

Во случај на поднесен приговор во врска со износот на сметката, се до донесувањето на конечна одлука, Претплатникот е должен да плати износ во определониот рок.

Во рок од 15 дена од денот на приемот на приговорот МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП ќе го разгледа приговорот и писмено ќе го извести претплатникот со детално образложение за причините за одбивање, односно прифаќање на приговорот, како и упатство за правото на Претплатникот да поднесе барање за заштита на своето право пред Агенцијата за електронски комуникации. Кон известувањето, МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП до потреба ќе достави и соодветни докази.

Доколку Претплатникот не е задоволен од донесената одлука по приговорот, има право во рок од 15 дена од приемот на истата да побара заштита на своето право пред Агенцијата за електронски комуникации.

Доколку МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП не постапи по приговорот во рокот утврден во овој Договор и Општите услови, Претплатникот има право да побара заштита на своето право пред Агенцијата во рок од 35 дена од денот на поднесувањето на приговорот до МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП.

ВИША СИЛА

Член 12

Користењето на услугите на МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП може да биде прекинато и поради дејство на виша сила. Под виша сила се подразбира настан независен од волјата на договорените страни, чие настанување не можело да се спречи или предвиди и поради кое исполнувањето на обврските станало отежнато или невозможно (природни или општествени настани, акти на јавната власт).

МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП не сноси одговорност за евентуален пренос на дефектот на мрежата предизвикан од страна на врето лице или виша сила. При невреме (грмотевици) се препорачува приклучокот на јавната комуникациска мрежа да биде исклучен од апаратите на Претплатникот.

МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП не сноси никаква одговорност кон Претплатникот поради прекин на неговите услуги, предизвикани од настан на виша сила.

ДЕЛИВОСТ

Член 13

Невалидноста или непримеливоста паради некоја причина на некој дел од овој Договор не влијае врз валидноста или примеливоста на остатокот од Договорот.

Доколку престане да важи некој дел од Договорот поради престанок на користење на одредена услуга, а се продолжи

со користење на останатите, Договорот продолжува правно да важи во однос на останатите услуги кан ги користи Претплатникот.

Известувањето за престанок на важење на дел од Договорот се врши исклучиво во писмена форма.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 14

Како составен дел од овој Договор се сметаат Барањето за заснавање претплатнички однос, Општите услови за заснавање претплатнички однос, сите Анекси кон Претплатничкиот договор и електронските записи од евиденцијата на МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП за активирање или деактивирање на комуникациските основни и/или дополнителни услуги.

Во Анексот кон Договорот се дефинира видот, карактеристиките и цените на избраните услуги.

За секое понатамошно менување на избраниот тарифен модел/пакет од страна на Претплатникот, се склучува Анекс кан овој Договор. Како составен дел на овој Договор ќе се смета и барањето за промена на тарифен модел/пакет.

Член 15

Сите спорови настанати во врска со спроведувањето на овој Договор ќе се решаваат спогадбено.

Доколку настанатиот спор не може да се реши спогодбено, за истиот ќе решава Основниот суд во Прилеп.

Член 16

Договорот стапува во сила на денот на потпишувањето од двете договорни страни.

Член 17

Овој Договор е составен во 2(два) идентични примероци , по 1(еден) за секоја од договорните страни.

Претплатник	М.П.	МОБИ СЕРВИС ПРИЛЕП
_____		_____